# Наши шуми

БРОЈ 67 ДЕКЕМВРИ 2014

ЈП МАКЕДОНСКИ ШУМИ



МАКЕДОНСКИ ШУМИ

во партнерство со природата



# СТОП ЗА КАТАСТРОФИТЕ

## ДЕН НА ДРВОТО 2014









ISSN 1409-7850

Импресум * Наши шуми * Број 67 * декември 2014

## АКТУЕЛНО



Со новиот Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите објавен во Сл. Весник број 160 од 31. октомври 2014 година се дорегулира дел од фазите за производство, следење и заштита на дрвната маса во државните шуми со кои стопанисува ЈП.

## ДЕН НА ДРВОТО



Над 5 милиони дрвца ќе бидат засадени на површина од 1.107 хектари низ територијата на цела Македонија во рамките на 14. акција „Ден на дрвото – засади ја својата иднина“, што се одржа под мотото „Стоп за катастрофите“

## СЕКТОРИ



Согласно законот за измени и дополнување на законот за шуми, еден од новите сектори во ЈП е Секторот за заштита на шумите- надзор и внатрешна контрола

## НАСАДИ



Засадени пробни површини на жалфија (salvia officinalis) во расадниците на ЈП Македонски шуми

8 10 15 22

04 БЛИЦ
08 АКТУЕЛНО
10 ДЕН НА ДРВОТО
14 АКТУЕЛНО
15 СЕКТОРИ
20 МЕМОРАНДУМ
22 ПРОИЗВОДСТВО
25 СОФТВЕР

Весник на ЈП за стопанисување со шуми Македонски шуми
Издавач: ЈП Македонски шуми * За издавачот: Жарко Караџоски, генерален директор
* Уредник: Соња Никчевиќ
Редакција: Соња Никчевиќ, Фатима Шкријељ * Издавачки совет: Жарко Караџоски, Александар Флоровски, Соња Никчевиќ, Панче Николов, Коста Парлапанов, м-р Костадинка Соколовска, Марјан Стојаноски
Печати: „БМ-АБА“ доо - Струмица
Адреса: ЈП Македонски шуми „Перо Наков“128, Скопје * тел. 02 2581 080 * факс: 02 2581 824
maksumi@maksumi.com.mk * www.maksumi.com.mk

## АКЦИЈА„ДЕН НА ДРВОТО“, 2014 ГОДИНА-ПО 14-ТИ ПАТ



Над 5 милиони дрвца ќе бидат засадени на површина од 1.107 хектари низ територијата на цела Македонија во рамките на 14. акција „Ден на дрвото – засади ја својата иднина“, што се одржа под мотото „Стоп за катастрофите“Годинава е планирано засадување на 4.471.715 садници од разни шумски видови, на површина од 1107 хектари.ЈП Македонски шуми, за површини кои се надвор од пошумувањето со кои стопанисува ЈП Македонски шуми, отстапи 83 000 садници за урбани средини за ЗЕЛС, 240 000 садници за рурални средини, 7500 чемпреси за патишта, 7200 леандри за урбани средини и 500 садници за сите полициски станици. Покрај тоа ЈПМШ обезбеди 300 дендро-декоративни садници. И годинава беше масовно учеството на граѓаните на Р. Македонија, а вработените и стручњаците од ЈП Македонски шуми, активно учествуваа во организацијата на самиот ден на пошумување. Годинава  се пошумуваше на локацијата Миладиновски рид, во населено место Миладиновци на површина од 10 хектари, каде што се засадени 35.000 садници.



## ПОТПИШАН ПРВИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР НА ЈП МАКЕДОНСКИ ШУМИ СО СТРАНСКА ФИРМА

Над 5 милиони дрвца ќе бидат засадени на површина од 1.107 хектари низ територијата на цела Македонија во рамките на 14. акција „Ден на дрвото – засади ја својата иднина“, што се одржа под мотото „Стоп за катастрофите“Годинава е планирано засадување на 4.471.715 садници од разни шумски видови, на површина од 1107 хектари.ЈП Македонски шуми, за површини кои се надвор од пошумувањето со кои стопанисува ЈП Македонски шуми, отстапи 83 000 садници за урбани средини за ЗЕЛС, 240 000 садници за рурални средини, 7500 чемпреси за патишта, 7200 леандри за урбани средини и 500 садници за сите полициски станици. Покрај тоа ЈПМШ обезбеди 300 дендро-декоративни садници. И годинава беше масовно учеството на граѓаните на Р. Македонија, а вработените и стручњаците од ЈП Македонски шуми, активно учествуваа во организацијата на самиот ден на пошумување. Годинава  се пошумуваше на локацијата Миладиновски рид, во населено место Миладиновци на површина од 10 хектари, каде што се засадени 35.000 садници.

## ПОПЛАВЕН РАСАДНИКОТ ВО КУМАНОВО



Во неодамнешното невреме кое го зафати, особено, регионот на Куманово, големи штети претрпе расадникот на ЈП Македонски шуми во Куманово. Поплавени се сите пластеници и површина од 5 ха насадена со јачмен, со големи последици и материјална штета. И покрај напорите на вработените да ја ублажат состојбата се очекува голема материјална штета и многу труд расадникот да се доведе во првичната состојба. Според зборовите на шум. инж. Весна Темелковска, раководител на расадникот во Куманово, поројните дождови што го зафатија Куманово на 19.11.2014 година нанесоа штета на регионот Куманово, а расадникот настрада поради излевање на реката Слупчанка на цела површина. Директорот на ПСШ Куманово формираше комисија за проценка на штетите. Имено, потопено (уништено) е 100% земјоделско земјиште од 5 ха посеано со јачмен. Во расадиците нема големи штети, освен 40 бали тресет кои се потопија во отпадните води на реката. Иако во почетокот изгледаше многу страшно. Сепак успеавме да ги спасиме поплавените садници и да ги оспособиме за употреба. Комисијата за процена на штетатанаправена во поплавите, изготви Записник кој ќе биде доставен до општинската комисија за процена на штетаата со финансиска пресметка за претрпената штета.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

Со новиот Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите објавен во Сл. Весник број 160 од 31 октомври 2014 година се дорегулира дел од фазите за производство, следење и заштита на дрвната маса во државните шуми со кои стопанисува ЈП. Посебен акцент е ставен на дејностите:

- Вршење на шумскокултурни работи за активности и сеча и дотур
- Лиценца за извршување на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур
- Начин на издавање на лиценца
- Издавање и одземање н лиценца
- Електронски систем за следење на дрвната маса
- Увоз на дрво и дрвни сортименти
- Шумска полиција и шумочуварска служба
- Овластувања на шумочуварската служба
- Услови за работа на шумочуварската служба
- Употреба на оружје од страна на шумочуварската служба
- Одговорност на шумочуварската служба
- Одговорност на шумочуварската служба
- Униформа, оружје и легитимација на шумочуварската служба
- Извршување на стручни работи на шуми во приватна сопственост

Со дорегулација на овие области се овозможува следење на производството и продажбата на дрвна маса, нејзината заштита, како и заштитата на државните шуми со кои стопанисува ЈП Македонски шуми. Со доследно спроведување на законските одредби се зајакнува заштитата на дрвната маса и шумите, следењето на фазите на производство, работата и лиценцирање на вработените, со што се здржува квалитетот на стручњаците кои работат во шума, прозводството на дрвни сортименти и се спречуваат разни злоупотреби на шумите.

# БЛИЦ

## СОФТВЕР ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ДРВНА МАСА



Во рамките на инвестиционата програма на ЈП Македонски шуми, со очекува набавка и имплементација на софтвер за следење на дрвна маса, евиденција на продажбата во шума и печатење и издавање на испратници и фактури на сите места каде што се продава дрвна маса. Ваков софтвер се користи во шумартвата во регионот и врз основа на нивните искуства неопходно е имплементирање на ваков софтвер кој ќе овозможи следење и контрола на дрвната маса, со што ќе се избегнат злоупотребите, а системот на поврзување ќе овозможи увид во состојбата на терен на сите нивоа.



## ИНИЦИЈАТИВА ЗА СОРАБОТКА СО НВО ЗА ПОШУМУВАЊЕ

На иницијатива на ЈП Македонски шуми, во средината на ноември се одржа состанок во просториите на дирекцијата со  претставници од неколку НВО и Федерацијата на планинарски спортови на Македонија - ФПСМ.

На состанокот се разговараше за начинот и постапката за активно вклучување на граѓанските организации во планирањето и реализацијата на пошумувањето во наредната година.  Се престави начинот на поддршката на организациите и стручната помош од страна на ЈП"Македонски шуми" преку планирано производство на шумски садници, начинот на пошумување, одгледување и нивна заштита.

## ПРОЕКТ „ ПРОГРАМА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА ВО МАКЕДОНИЈА"



На 10.12.2014 година во просториите на ЈП Македонски шуми се потпиша Меморандум за соработка меѓу НЦП од Швајцарија и ЈП Македонски шуми. Договорот го потпишаа ѓ-ѓа Зора Урех од Helvetas Swiss Intercooperation, тим лидер на "Програмата за зачувување на природата во Македонија" и во име на генералниот директор на ЈП Македонски шуми, Жарко Караџоски, г-дин Коста Парлапанов, помошник директор на Секторот за информатички и комуникациски технологии, инвестиции и развој



**Жарко Караџоски**
**Генерален директор на**
**ЈП Македонски шуми**

*На сите вработени во ЈП Македонски шуми им ги честитам Новогодишните и Божикните празници и им посакувам Новата 2015 година да им донесе среќа, успех и благосостојба*

# Среќни Новогодишни и Божикни празници

# ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА ВО ЗАКОНОТ ЗА ШУМИ



*Ѓоко Портарски,
помошник директор на
Секторот за шумарство
во ЈП Македонски шуми*

***"Измените во Законот за шуми за Секторот шумарство се од особено значење затоа што за стручните работи во шумите се определуваат дипломираните шумарски инженери и шумарските техничари од насоката шумарство, со што вистински стручњаци ќе ја вршат оваа одговорна работа."***

Со измените во Законот за шуми конечно треба да се сменат многу работи во шумарството, кои особено треба да бидат од корист за ЈП Македонски шуми. Се дефинира точно и прецизно кој може да ги извршува работите во шума. Се овозможува ангажирање на сезонски работници секачи и дотурачи. До сега тоа не беше случај, бидејќи стопанисувањето со шумите се вршеше главно од надворешни извршители, како услуга по пат на јавни огласи за сеча, дотур и превоз. ЈП „Македонски шуми" и во иднина ќе продолжи да извршува работни задачи со ангажирање на надворешни извршители, но сега со утврдени критериуми за тоа кој може да ги извршува тие услуги. Секој правен субјект (надворешен извршител) кој ќе извршува услуги во шума, треба да поседува лиценца која ја издава Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за да се добие таа лиценца потребно е да се исполнат одредени услови, меѓу кои, ова важи за сите правни субјекти кои имаат вработени лица кои се шумарски инженери или шумарски техничари.

Во делот на самото производство, главна новина е што се воведува електронски систем на евиденција. До сега со електронскиот систем биле покриени сечата, изработката, класирањето, дотурот, превозот и продажбата на шумските сортименти, но во иднина и ознаката за сеча ќе биде воведена во тој електронски систем. За таа намена ќе има електронски апарати во кои ќе се внесува дрвната посечена и изработена маса. Тоа значи дека уште во фазата сеча ќе се врши елктронски прием и класирање на изработените шумски сортименти од страна на шумарските инжинери. Спецификациите , приемниците за сеча и приемниците за дотур повеќе нема да се пополнуваат рачно туку автоматски, а испратниците ќе се издаваат на терен со подвижен мал принтер. За време од уште седум месеци сме должни да го воведеме електронскиот начин на работа, така да сите институции, Инспекторатот за шумарство, Шумската полиција, Министерство за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе имаат пристап и увид и ќе се гледа секоја промена. Ќе биде евидентирано комплетното движење на дрвната маса и на тој начин ќе отпаднат сите можности за злоупотреба, кои беа чест случај.

Со последните измени на Законот за шумите (Сл.весник на РМ бр.160 од 31.10.2014 ), Секторот за шумарство има обврска стручните работи во шума да ги извршува со дипломирани шумарски инженери од насока шумарство и шумарски техничари насока шумарство. Тоа значи дека сите работни задачи, почнувајќи од донесување на одлука кои насади во која година и во која сезона ќе се стопанисуваат, потребата од пробивање, реконструкција и прочистување на патиштата, ознаката за сеча, распоредувањето на работниците секачи во шума каде спаѓа и донесување на одлука за способноста на секачите (во смисла дали секој работник секач може физички и квалитетно да работи како секач), понатаму, надзорот на соборувањето на стеблата, кроењето на стеблата во шумски сортименти, искористувањето на дрвната маса од секое соборено стебло, донесување на одлука каде ќе се врши изработката на шумските сортименти (во шума или на рампа- доколку станува збор за било кој вид на сеча освен чиста сеча, не е дозволено да се врши дотур на цели стебла затоа што се оштетуваат стоечките стебла кои треба во иднина да дадат техничко дрво и се уништува подмладокот), распоре-







дувањето на работниците дотурачи, донесување на одлука со што и на кој начин е најсоодветно да се врши дотурот на изработените шумски сортименти, понатаму, местото на рампирање, обезбедување на извоз на шумските сортименти и другите пропратни работи. Производството на шумски сортименти е комплексен дел од шумарството од кое понатаму зависат и финансиските ефекти. Според тоа, бидејќи шумските производи од кои главно се добива приходот на нашето претпријатие се изработуваат во шума, многу е важно што ќе произведеме и за колку пари ќе го продадеме. Доколку нашиот надзор недостасува при кроењето на стеблата, секачите можат да произведат сортимент кој е поефтин, дрвото кое тешко се изработува може да го оставаат во шума како отпад итн. Затоа е потребно особено внимание од дипломираните шумарски инжинери при производството на техничко дрво, но секако и при огревното. Доколку нашето внимание и одговорност не бидат навреме спроведени, приходот секако ќе биде помал. Понатаму, приемот и класирањето на шумските сортименти се врши во шума. Според класата која ја добива сортиментот во шума тој се продава на крајниот потрошувач. Затоа е потребно лицата со поголема одговорност и стручностда вршат класирање на шумските сортименти во шума, а тоа се секако дипломираните шумарски инжинери.

Од сето погоре истакнато произлегува дека оваа работа треба да ја вршат лица дипломирани шумарски инженери, затоа што целокупниот систем на производство на шумски сортимент и неговата понуда на пазарот не е само обично сечење и дотурање на дрво. Ние како претпријатие и шумарската струка сме должни да ги почитуваме природните ресурси и да ги наменуваме за вистински потреби. Не треба да дозволиме заради нечие невнимание, од природно богатство кое ни е доверено на стопанисување да произведеме дрво со слаб квалитет или пак само огревно дрво, или отпад кој ќе скапува во шумата.

Неминовно е да појаснам дека Законот за изменување и дополнување на Законот за шуми, нè задолжува како ЈП, да ги вршиме стручните работи во приватните шуми. Затоа со одлука на Управниот одбор се измени и дополни Правилникот за внатрешна организација, систематизација и исплата на плати во ЈП. Со таа одлука се воведоа три нови работни места кои ќе ја вршат услугата на сопствениците на приватни шуми. Новина е тоа што се воведе работно место за дипломирани шумарски инжинери кои ќе ги вршат стручните работи, но и изработката на целокупната документација во приватните шуми. Во подружниците каде што нема доволен број на дипломирани шумарски инжинери работните задачи подконтрола на стручњаците ќе ги извршуваат шумарските техничари. Се воведе и работно место оператор за евидентни картони кој ќе ги внесува податоците, со цел техничките работи да се намалат на инжинерите, а важи за подружници со поголем обем на работа.



# СТОП ЗА КАТАСТРОФИТЕ

## - мото на 14-тата Акција„Ден на дрвото“, 2014 година



**_Годинава е планирано засадување на 4.471.715 садници од разни шумски видови, на површина од 1107 хектари._**

*Над 5 милиони дрвца ќе бидат засадени на површина од 1.107 хектари низ територијата на цела Македонија во рамките на 14. акција „Ден на дрвото – засади ја својата иднина“, што се одржа под мотото „Стоп за катастрофите“*

ЈП Македонски шуми, за површини кои се надвор од пошумувањето со кои стопанисува ЈП Македонски шуми, отстапи 83 000 садници за урбани средини за ЗЕЛС, 240 000 садници за рурални средини, 7500 чемпреси за патишта, 7200 леандри за урбани средини и 500 садници за сите полициски станици. Покрај тоа ЈПМШ обезбеди 300 дендро-декоративни садници. И годинава беше масовно учеството на граѓаните на Р. Македонија, а вработените и стручњаците од ЈП Македонски шуми, активно учествуваа во организацијата на самиот ден на пошумување. Годинава се пошумуваше на локацијата Миладиновски рид, во населено место Миладиновци на површина од 10 хектари, каде што се засадени 35.000 садници. Местото на пошумувањето го посетија и засадија дрвце, граѓани на град Скопје, ученици од основни и средни училишта, припадници на АРМ, организирани групи од повеќе компании, координирани од вработените во ЈП Македонски шуми и акцијата Ден на дрвото. Иако акцијата се одржуваше по каллив и влажен терен одзивот беше на задоволувачко ниво.

На 22.11.2014 година официјално започна есенската акција Ден на дрвото, 2014.Во с. Папрадиште (Велешко) министерот за одбрана на Република Македонија, Зоран Јолевски, заедно со началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, генерал-потполковник Горанчо Котески, како и одбранбените аташеи акредитирани во Република Македонија засадија садници по повод почетокот на активностите на есенската акција „Ден на дрвото“.

### Засадени дрвца и на граничните премини со Албанија

Годинава на пограчните премини со Р.Албанија: Стење - Преспа, Блато- Дебар, Ќафасан- Струга и Свети Стефан- Охрид, ќе се организира и заедничко засадување на граничните полицајци, цариниците во присуство на локалните координатори и градоначалниците од општините на кои припаѓаат овие гранични премини.За овие гранични премини ЈП Македонски шуми од сопстевените расадници обезбедија по 50 или вкупно 200 садници на четинарски декоративни дрвја. Ова беше договорено на неодамнешната средба во Тирана на министрите за земјоделство, шумарство и водостопанство Михаил Цветков и неговиот албански колега Едмонд Панарити.

Полицајците и цариниците од пограничните премини Стење - Преспа, Блато - Дебар, Ќафасан - Струга и Свети Стефан - Охрид денеска заеднички засадија дрвца во присуство на амбасадорот на Република Македонија во Република Албанија Стојан Карајанов, локалните координатори и градоначалниците од општините на кои им припаѓаат овие гранични премини.





„Ова е одлична традиција која верувам и другите држави ќе ја пресликаат, затоа што во минатото никогаш не се саделе толку многу дрва во Македонија. Од оние информации што ги имам, во годините пред доаѓањето на оваа влада се саделе до 600.000 дрва, а сега бројката изнеусва околу пет милиони. Добро е што процентот на успешност е голем и што се сади толкава количина во земјата, затоа што тоа ќе биде добро за сите граѓани во иднина", изјави премиерот Груевски.
Премиерот Груевски денеска засади дрвце кај салата „Јане Сандански" во Скопје во рамките на акцијата „Ден на дрвото".



***Директорот ЈП „Македонски шуми" Караџоски*** нагласи дека акцијата се повеќе ќе се проширува во урбаните средини и ќе се зголемува бројот на садници. Информира дека вкупниот број е 4 милиони 750 илјади садници кои ќе бидат насадени во текот на денешниот ден. Од вкупната бројка, 83 илјади се декоративни садници, од кои 63 илјади јавор, а останатите се бреза и јасен. За подрачјето на Град Скопје наменети се 10 илјади декоративни садници со висина од 1,5 до 2 метри.
Тој посочи дека се вклучени и 1.000 палми од типот влакнеста палма во рамки на „Денот на дрвото", кои ќе бидат засадени во мај наредната година. Влакнестата палма, појасни, издржува темпертура во зимскиот период и до минус 25 степени, доколку правилно се одржува. Сто и шеесет палми се високи 8 метра, по 50 парчиња се од 7 и 6 метра, а остатокот се од по 4,4 и 5 метри. За подрачјето на Скопје се наменети околу 160 палми, додека другите ќе бидат во Струшко, Охридско, Гевгелија, Дојран и онаму каде што дозволуваат климатските услови.
- Вкупно имаме 240 илјади садници отстапени на локалните самоуправи во Република Македонија и околу 350 илјади садници кои ќе бидат засадени и во урбаните средини, но и во околината. Ололу 350 илјади садници ќе бидат засадени околу патиштатата и природните и вештачките езера. Продолжуваме со засадување на олеандер на патниот правец Гевгелија-Демир Капија-Смоквица, а исто така и во средишниот дел на автопатиштата со аризонски чемпрес, изјави директорот Караџоски.
За ***Христина Николовска***, шеф на кампањата „Ден на дрвото" денеска се праќа голема порака до светот дека кажуваме стоп за катастрофите преку засадување на нови 5 милиони садници.
- Се покажа дека есенската акција има поголем процент на зафатеност и успешност. Според релевантните институции процентот на успешност е нешто под 60 што е висок процент на зафатеност и во европски услови, изјави Николовска.









## Засадување дрвца во урбани средини

Министерот за земјоделство,шумарство и водостопанство Михаил Цветков,Државниот секретар на министерството за надворешни работи Елена Кузмановска, претставници на дипломатскиот кор во Република Македонија, придружени од градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и претседателот на Советот на Општина Аеродром, Виктор Камиловски, на 02.12.2014 година, со симболично засадување дрвца во населбата Ново Лисиче покрај булеварот „Февруарски поход", ја поддржаа 14. есенска акција „Денот на дрвото".
Помошникот директор на Сектор за одгледување, подигање, екологија лов и ловен туризам во „Македонски шуми" Златомир Бибоски информира дека главен акцент на пошумувањето ќе биде ставен на голи и опожарени површини. Ќе се изврши пошумување на цела Македонија. и ќе бидат засадени 4.471.000 дрвца. „Македонски шуми" ќе засади 7.200 повеќегодишни садници од чемпрес на автопатот од Куманово до Демир Капија, а од Смоквица до Гевгелија во средишниот простор ќе бидат засадени 7.200 леандри, изјави Бибоски.
Во текот на акцијата засадени се околу 150 садници од јасен, јавор, липа и други видови, подарок од Град Скопје. Градоначалникот Трајановски рече дека Денот на дрвото стана препознатлив бренд на Република Македонија, а оваа година акцијата акцент става на садење дрвја во урбаните средини.
Министерот Цветков истакна дека во рамките на акцијата за 2014 година ќе се засадат околу 4,5 милиони садници на вкупна површина од 1.100 хектари.Пошумувањето ќе се спроведува на 97 локалитети во 30 општини во Републиката.
Досега, според контролите на терен од страна на инспекторатот за шумарство е констатирано висок процент на зафатеност на дрвцата од најмалку 50 % што според експертите е голем успех. Тоа покажува дека сме на вистинскиот пат во остварување на целта на акцијата,односно подигнувањето на свеста за зачувување на нашите шуми и природата, истакна министерот Цветков.

С.Н.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ за 2014 година

## за изречени дисциплински мерки за утврдена дисциплинска одговорност

Во текот на 2014 година во ЈП „Македонски шуми“ Скопје постапувано е по 99 поведени дисциплински постапки против вработени лица во ЈП „Македонски шуми“ Скопје.

По завршувањето на дисциплинските постапки, изречени се вкупно 71 дисциплински мерки, 10 предупредувања, додека 18 предлози за поведување на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност се отфрлени, а поведените дисциплински постапки се запрени.

Во календарската 2014 година во ЈП „Македонски шуми“ Скопје изречени се 5 дисциплински мерки – престанок на вработување, 52 парични казни и 14 јавни опомени и тоа:

Преглед на изречени дисциплински мерки по месеци

| Месец | Број на изречени дисциплински мерки | предупредувања |
|---|---|---|
| Јануари | 8 | |
| Февруари | 5 | |
| Март | 5 | |
| Април | 3 | |
| Мај | 9 | |
| Јуни | 5 | |
| Јули | 16 | 10 |
| Август | 3 | |
| Септември | 7 | |
| Октомври | 2 | |
| Ноември | 6 | |
| Декември | 2 | |

Преглед на изречени дисциплински мерки по подружниците во јавното претпријатие, за 2014 година:

✷ ПШС „Малешево“ Берово – три (3) дисциплински мерки - три парични казни

✷ ПШС „Голак“ Делчево - една (1) дисциплинска мерка - една парична казна

✷ ПШС „Демир Капија“ Демир Капија - седум (7) дисциплински мерки - седум парични казни

✷ ПШС „Бигла“ Демир Хисар - една (1) дисциплинска мерка - една парична казна

✷ ПШС „Бор“ Кавадарци - три (3) дисциплински мерки - три парични казни

✷ ПШС „Караџица“ Скопје - пет (5) дисциплински мерки

- три дисциплински мерки - престанок на вработување
- една дисциплисна мерка - парична казна
- една дисциплинска мерка - јавна опомена

✷ ПШС „Лопушник“ Кичево – шест (6) дисциплински мерки

- пет дисциплински мерки - парични казни
- една дисциплинска мерка – јавна опомена

✷ ПШС „Осогово“ Кочани - три (3) дисциплински мерки - парични казни

✷ ПШС „Кратово“ Кратово - четири (4) дисциплински мерки - парични казни

✷ ПШС „Осогово“ Крива Паланка - две (2) дисциплински мерки - парични казни

✷ ПШС „Куманово“ Куманово - три (3) дисциплински мерки - парични казни

✷ ПШС „Сандански“ Македонски Брод - две (2) дисциплински мерки - парични казни

✷ ПШС „Галичица“ Охрид - две (2) дисциплински мерки - парични казни

✷ ПШС „Црн Бор“ Прилеп - шест (6) дисциплински мерки - парични казни

✷ ПШС „Шумарство“ Свети Николе - 11 дисциплински мерки

- две дисциплински мерки - парични казни
- девет дисциплински мерки - јавни опомени

✷ ПШС „Јабланица“ Струга - една (1) дисциплинска мерка – парична казна

✷ ПШС „Лешница“ Тетово - една (1) дисциплинска мерка - парична казна;

✷ ПШС „Беласица“ Струмица - седум (7) дисциплински мерки

- две дисциплински мерки - престанок на вработување
- четири дисциплински мерки - парични казни
- една дисциплинска мерка - јавна опомена

✷ Дирекција - три (3) дисциплински мерки

- две дисциплински мерки - парични казни
- една дисциплинска мерка – јавна опомена

Покрај изречените дисциплински мерки, во текот на 2014 година на 17 вработени им престанал работниот однос по сила на закон, односно поради неоправдано отсуство од работа најмалку три последователни дена или пет работни дена во текот на една година.

Табеларен приказ на понапред наведените податоци по подружниците на ЈП „Македонски шуми“ - Скопје

Изработил: К.Георгиевска

| ПШС | Вкупно изречени дисциплински мерки | | | | Предупредувања | Престанок на вработувањето поради неоправдано отсуство од работа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Престанок на вработување | Парична казна | Јавна опомена | Вкупно | | |
| „Малешево“ Берово | | 3 | | 3 | | |
| „Голак“ Делчево | | 1 | | 1 | | 1 |
| „Демир Капија“ Д. Капија | | 7 | | 7 | | |
| „Бигла“ Демир Хисар | | | 1 | 1 | | 2 |
| „Бор“ Кавадарци | | 3 | | 3 | | |
| „Караџица“ Скопје | 3 | 1 | 1 | 5 | | |
| „Лопушник“ Кичево | | 5 | 1 | 6 | | 1 |
| „Осогово“ Кочани | | 3 | | 3 | | 3 |
| „Кратово“ Кратово | | 4 | | 4 | | |
| „Осогово“ К. Паланка | | 2 | | 2 | | 2 |
| „Куманово“ Куманово | | 3 | | 3 | | |
| „Сандански“ Мак. Брод | | 2 | | 2 | | 1 |
| „Галичица“ Охрид | | 2 | | 2 | | |
| „Црн Бор“ Прилеп | | 6 | | 6 | | 5 |
| „Шумарство“ Св. Николе | | 2 | 9 | 11 | 10 | |
| „Јабланица“ Струга | | 1 | | 1 | | |
| „Лешница“ Тетово | | 1 | | 1 | | |
| „Беласица“ Струмица | 2 | 4 | 1 | 7 | | 1 |
| Дирекција | | 2 | 1 | 3 | | 1 |
| ВКУПНО | 5 | 52 | 14 | 71 | | 17 |

# ПОТПИШАН ПРВИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР НА ЈП МАКЕДОНСКИ ШУМИ СО СТРАНСКА ФИРМА



**Компанијата „ Еуро Њујорк Ма-Воод“ во сопственост на турскиот државјанин Халил Ибрахим Кучукдевеџи од Истанбул ќе отвори фабрика во Македонија за преработка на техничко дрво, а финалниот производ ќе го извезува на европските пазари.**

Потпишан е првиот Рамковен договор во траење од 10 години и Меморандум за меѓусебна соработка меѓу ЈП Македонски шуми, од една и турската фирма „ Еуро Њујорк Ма-Воод“-доо со седиште во Гостивар.

Договорот го потпишаа генералниот директор на ЈП Македонски шуми, г-дин Жарко Караџоски и г-дин Халил Ибрахим Кучукдевеџи од Истанбул управител на фирмата од Р. Турција, на 24.11.2014 година во просториите на ЈП Македонски шуми.

“Чест ми е да објавам дека денес го потпишуваме првиот договор со странски инвеститор во Р. Македонија, како јавно претпријатие-рече на почетокот генералниот директор на ЈП Македонски шуми, г-дин Жарко Караџоски и тоа врз основа на измените на Законот за шуми, со кои се овозможува потпишување на меѓународни договори со странски фирми, а се надевам дека и во иднина ќе има уште многу вакви и слични договори. Ова е прв таков договор на ЈП„ Македонски шуми“ каде што предвидуваме со партнерот од Турција да соработуваме во рамките на нашето производство особено на техничкото дрво каде што на годишно ниво ние како ЈП„ Македонски шуми“ годишно се обврзуваме да му испорачуваме 25.000 метри кубни техничко дрво од сите видови и тоа да го гарантираме секоја година за што ќе склучуваме годишни договори, изјави директорот на ЈП„ Македонски шуми, Жарко Караџоски. Станува збор за два документи, едниот е Меморандум за меѓусебна соработка, а другиот Рамковен договор во треање од 10 години , со годишна динамика од 25 000м3 техничко дрво од сите видови.

Директорот Караџоски нагласи дека ЈП„ Македонски шуми“ се обврзува на турската компанија да и отстапи дел од своите деловни објекти-пилани кои што на некој начин се руинирани. Со странскиот инвеститор е договорена санација на овие капацитети за производство на дрвни сортименти што ѓе овозможи дополнителни вработувања.

Старите заостанати пилани кои не се во функција ќе се рестартираат и прераснат во модерна фабрика која што ќе биде на минимум 50000 квадратни метри простор која ќе донесе нови машини и ќе извезува на европските пазари.



Турскиот бизнисмен Халил Ибрахим Кучукдевеџи, управител на “Еуро Њујорк МА-Воод“ рече дека планира првата година да инвестира околу 2 милиони евра, додека веќе во наредните години инвестицијата ќе се зголеми.

Тој истакна дека очекува да биде прифатен како инвеститор и најави дека постојат можности да се зголеми побарувачката за техничко дрво веќе од наредната година, а и бројот на вработени ќе се зголемува. Кучукдевеџи потенцираше дека покрај тоа што ќе се обидат да го зголемат производството ќе се заложат и за обновување на природното дрво, односно ќе биде запазен еколошкоит аспект на производство.

“Се надеваме дека ова е почеток на една долгорочна, плодна и успешна соработка со турската фирма која ќе инвестира во шумарството во Р.Македонија, од една страна и почеток на нова ера во работењето на ЈП Македонски шуми, со привлекување на странски инвестиции на сите полиња”- заклучи директорот Караџоски

# СО НОВИ ИНГЕРЕНЦИИ – КОН ПОГОЛЕМА ЕФИКАСНОСТ ВО ЗАШТИТАТА НА ШУМИТЕ

***Согласно новиот Закон за измени и дополнување на законот за шуми, еден од новите сектори во Ј П Македонски шуми е Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола. Со секторот раководи м-р Горан Стојковски***

**Шумочуварска служба**

Согласно измените и дополнувањата на Законот за шуми објавен воСл.весник на РМ бр.160/2014,чувањето на шумите ќе се врши двостепено, шумочуварската служба ќе врши реонско чување на шумите додека шумската полиција ќе врши контролно-патролно чување на шумите. Моменталната бројка на шумочуварската служба е 237, но овој број на шумочувари веројатно ќе се измени зашто ќе се проверуваат поединечно сите вработени во оваа служба од аспект дали ги исполнуваат законските критериуми за работа во шумочуварската служба. Во моментов треба да се постават работите. Подолг период не се обрнувало системски внимание на заштитата. Сега, покрај извршување на тековните работи и процедури за меѓусекторска, меѓуинституционална соработка, треба да се направат функционални униформи, нови ознаки, правилници, упатства и процедури.

Од сета работа крајниот ефект кој што треба да се постигне е дека шумочуварите треба да си ја заработат платата, а тоа е спречување некој со илегална сеча да ги земе дрвата, да ги украде, да ги однесе кај купувачите и да ги продаде по пониска цена(а тие реално се наши купувачи). ШЧС треба да оневозможи кражба на наши дрва и пласирање кај наши потенцијални конкуренти на пазарот. Сите складови каде што се продавало ова бесправно посечено дрво, се наши клиенти и доколку ние ги снабдуваме и нив, ќе биде поголема финансиската добивка. Со зголемување на продажбата се зголемува приходот во ЈП ,а со тоа ШЧС си ја заработила својата плата, направила приход, а да не зборуваме за еколошката штета која настанува со бесправните сечи и која има долгорочни последици.

Од моментот на влегувањето на измените во Законот за шуми од 08.11.2014 година во наредните 30 дена треба да се донесат упатства и правилници коишто поблиску ќе ја обработат материјата во делот на заштитата. Овие правилници се во тек на изготвување. Тоа се Правилник за вршење на работите на шумочуварската служба и формата и содржината на службената книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во шумочуварскиот реон со кој ќе бидат определени правата и должностите на шумочуварите, ќе се дефинира изгледот на книгата за евиденција и книгата за направена шумска штета каде ќе се дефинира како ќе се постапува со пенушките кои се останати во шума како доказ за бесправно сечење.како и прописите за изгледот на службената униформа, легитимацијата, видот на службеното вооружување кое го носат припадниците на шумочуварската служба, како и начинот на употреба на службеното оружје.



Во моментов секторот работи на изготвување на интерни упатства и предлог- правилници (подзаконски акти).

Врз основа на измените и дополненија на Закон за шуми Сл.весник на РМ бр.160/2014 од страна на секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола изготвени се:

**ПРЕДЛОГ ПРАВИЛНИЦИ *(подзаконски акти)***

1. Предлог Правилник за вршење на работите на шумочуварската службаи формата и содржината на службената книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во шумочуварскиот реон(ноември 2014)

2. Предлог Правилник за изгледот на службена униформа и легитимација за припадниците на шумочуварската служба

3. Предлог Правилник за видот и начинот на користење на огнено оружје на шумочуварската служба

**УПАТСТВА**

1. Упатство за начинотнапостапувањепомеѓу ЈП Македонскишуми и шумскатаполицијаприпривременоодземањенапредмети и средствасокои е извршенокривичноделоилипрекршок (ноември 2014 )

2. Упатство за начинотнапостапувањена шумочуварската служба во ЈП Македонскишуми,соработка сошумскатаполиција,начин на известување априпривременоодземањенапредмети и средствасокои е извршенокривичноделоилипрекршок (ноември 2014 )

3. Упатство за начинот на водење на службена книга од страна на шумочуварската служба при ЈП Македонски шуми

4. Упатство за начинот на пополнување , доставување и евидентирање на поднесени прекршочни или кривични пријави од шумочуварската служба

5. Упатство за привремено одземање и местото на складирање , на средствата со кои е извршено кривично дело односно прекршок (превозни средства,моторни пили,секири , самари и сл.) од страна на шумочуварската служба ,

6. Упатство за за начин на евидентирање во книга за евиденција на бесправно исечени пенушки



Се предвидува униформирање на шумочуварската служба, со посебни ознаки кои ќе бидат повеќеслојни и универзални за сите годишни времиња и ќе се оди кон комфорност и удобност на униформите. Припадниците на шумочуварската служба ќе носат оружје чиј тип допрва треба да се пропише зашто во моментов некои од шумочуварите веќе имаат оружје и тоа треба да се провери. Се разбира дека сите вработени во оваа служба имаат специјални легитимации со коишто можат да ги легитимираат сите лица затечени во шумата, особено доколку се забележат одредени девијантни појави или злоупотреби.

Треба да се направи преглед на бесправно посечено дрво одземено од страна на нашите служби во соработка со МВР и шумската полиција. Ваков преглед е направен за скопскиот реон. Оваа евиденција содржи време на одземање, количина, место и во кој склад ќе биде однесено. Врз основа на овие извештаи кои ги очекуваме од подружниците ќе се направи анализа за понатамошни активности.

Во контекст на заштита од штетници исто така треба да се направи увид во состојбата на теренот и врз основа на тоа да се планира понатамошната динамика на активностите предвидени во оваа област.

Со новиот Закон ние сме одговорни како сектор и никој нема да не праша со какви проблеми се соочуваме. Токму затоа сакаме да ја поставиме идната работа на здрави темели за што е потребно согледување на моменталната

| месец | ПРОДАЖБА (м³) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2014г.на шумскипат | 2013г.на шумскипат | **2014г.на склад** | **2013г.на склад** | 2014г. корен | 2013г. корен | 2014г. вкупно | 2013г. вкупно |
| јуни | 0 | 3 | **659.5** | **773.2** | 1012.5 | 1995.1 | 1672 | 2771.3 |
| јули | 0 | 0 | **1107.75** | **1621.18** | 1605.55 | 650.85 | 2713.3 | 2332.03 |
| август | 0 | 44.5 | **2559.73** | **1131.42** | 1057.5 | 311.3 | 3617.23 | 1487.22 |
| септември | 0 | 111 | **1402.11** | **887.05** | 632.85 | 1569.3 | 2034.96 | 2567.35 |
| октомври | 0 | 118.5 | **1232.8** | **129.98** | 1805.49 | 1868.3 | 3038.29 | 3116.78 |
| | 0 | 277 | **6961.89** | **4542.83** | 6113.89 | 6394.85 | 13075.78 | 12274.68 |

*Табела 1*

ситуација на сите аспекти од Заштитата на шумите и врз основа на тоа да се екипира и испланира идната работа на секторот. Што се однесува до шумочуварската служба, целта е да направиме типизиран настап во однос на сите субјекти со кодекс на однесување кој ќе го одржува нивотои угледот нашумочуварската служба. Клучна новина е што покрај Шумската полиција, надлежноста за чување на шумите во реони добива и Шумочуварската служба во Јавното претпријатие, којашто сега добива поголеми овластувања. Шумочуварската служба ќе биде составена од службени лица кои ги исполнуваат законските услови и ќе бидатзадолжени со оружје. Шумочуварската служба ќе има право директно да поднесува прекршочни и кривични пријави, и на реонот со кој е задолжена ќе биде постојано присутна на лице место и ќе врши постојана контрола. Важна новина е што нашата Шумочуварска служба и Шумската полиција нема да може да поднесуваат пријави против непознат сторител, што беше честа пракса. Исто така новина е што сега и МВР е вклучена како една институција над сите овие. Шумската полиција останува со делот на ингеренциите кои практично ги спроведуваше до сега (контрола и патролирање), но новината е тоа што таа треба редовно да прави обуки и покрај оние лиценци кои треба да ги добива кога заснова на работен однос, истите тие треба да бидат контролирани по пат на обука, но и да полагаат дали го сочувале знаењето или ја научиле обуката. Ако не го положат тоа до три пати, го губат работното место. Сите ќе имаат можност да се обучуваат, а ако не може таа обука да ја поминат, ќе си го изгубат работното место. Така и самата одговорност при извршувањето на задачите ќе биде многу поинаква. Сето ова е со цел да се намали дрвокрадството кое последните години зеде замав. Тоа нешто го потврди самата акција која ја спроведуваше Министерството за внатрешни работи заедно со УЈП и другите инспекторати со кодно име „ Гора “ која почна во јуни месец и се уште трае, а која покажа дека навистина имаме проблеми, но дека тоа може да се сузбие. Резултат на оваа акција на ниво на Р македонија се изречени 174 прекршочни пријави и 16 кривични пријави, во однос на нелегални сечи.



Нормално, ни го покажа и правецот во кој треба да се делува. Кога ќе се донесат измени во закон од било која сфера она што нам ни е најважно е прашањето- каква корист од измените ќе имаат граѓаните на Република Македонија, а овде најголемата продобивка е здравата средина која може само да се зачува ако се чуваат дрвјата кои се филтер за свеж воздух. Тоа треба да го имаат предвид и граѓаните кои купуваат огревно дрво. Да не

им е седно дали тоа дрво е плански и стручно пресечено, туку да бидат свесни дека со купување на беспрвно пресечено дрво, всушност го поттикнуваат дрвокрадството. Да не заборавиме, шумата е единствен и главен филтер. Таа е единствениот извор на кислород и здрав воздух и чиста средина.

***Што се случува со запленетото дрво?***

Запленетите дрва според членот 81. и 87.-а од Законот за шуми бр. 160/2014 се носат во најблискиот склад на ЈП Македонски шуми кои понатаму врз основа на записник кој го прави посебна комисија влегува во складот за продавање по цена адекватна на квалитетот. 30 проценти од запленетото дрво со одлука на Владата се преодстапува на државни органи или институции основани од државатаОд останатите 70 проценти од вредноста на продаденото дрво 20 процети се уплаќаат во Буџетот на Република Македонија , а останатиот дел го користи ЈП Македонски шуми за сопствени потреби. Се очекува со овие мерки и ингеренциите кои ги добива ЈП да се намалат бесправните сечи. Според обработените податоци за периодот од кохга постои секторот само за територијата на ПШС Караџица е забележана разлика во продажбата од складовите односно е зголемена.

Остварена продажба анализа 2013-2014 год. ПШС Караџица – Скопје за месеци јуни-октомври. (табела 1)

Вкупната остварена продажба од складови на подружницата Караџица – Скопје во 2014 година за период септември/октомври е зголемена за повеќе од 50%во однос на истите месеци во 2013 година. Како предмет на споредба ја анализираме продажбата која е остварена од складовите, бидејќи одземената дрвна маса се прима во складовите на ЈП Македонски шуми – Скопје. Сублиматот од гореизнесеното е дека, сузбивањето на нелегалната сеча и одземањето на бесправно посечена дрвна маса има позитивно влијание на продажбата на дрвни сортименти од складовите на подружницате во состав на ЈП Македонски шуми, а тоа значи дека продажбата е зголемена.

### *Локации за бесправни сечи на територија на град Скопје*

Фотографиите се од локалитети со запленети драва и детектирани бесправни сечи во државни шуми со кои стопанисува ЈП Македонски шуми: ШСЕ Кључка река, стар пат, с. Танушевци, ШСЕ Скопска Црна Гора, Рамно(м.в. Соколовац), ШСЕ Кадина Река 1, над с. Дејковец,м.в. Ѓурина чешма, ШСЕ Патишка река, под врв Долни Петељак. (foto

Запленета дрвна маса на територија на Скопје од кога е формиран секторот

| *ПШС* | *ШСЕ* | *м.в* | *Датумна заплена* | *количина (м³)* | *[illegible] на дрво* | *Превоз во склад* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Караџица** | Маркова река | Волче | 27.09.2014 | 34.6 | бука | Драчево |
| **Караџица** | Маркова река | Волче | 29.09.2014 | 7.7 | бука | Драчево |
| **[illegible]раџица** | Кључка река | с.Танушевци | 14.10.2014 | 63.3 | бука | Петровец |
| **Караџица** | двор | мацари | 15.10.2014 | 3.5 | бука | Петровец |
| **Караџица** | Кадинарека I | Ѓурина чешма | 18.10.2014 | 32.2 | бука | Петровец |
| | | | | | бука | Петровец |
| | | | | | бука | Петровец |
| | | | | | бука | Петровец |
| | | | | 8.4 | бука | Велес |
| | | | Вкупно | 40.6 | | |
| **[illegible]** | Кадинарека I | Ѓурина чешма | 21.10.2014 | 21 | бука | Велес |
| | | | | | бука | |
| | | | | | бука | |
| | | | | 7 | даб | |
| | | | Вкупно | 28 | | |
| **Караџица** | Кадинарека I | Ѓурина чешма | 22.10.2014 | 5.6 | даб | Петровец |
| | | | | 21 | даб | Петровец |
| | | | | 6.3 | бука | |
| | | | | 7 | даб | Велес |
| | | | | 7 | даб | Велес |
| | | | | 7 | даб | Велес |
| | | | | 7 | даб/бука | Велес |
| | | | Вкупно | 60.9 | | |
| **Караџица** | Кадинарека I | Ѓурина чешма | 05.11.2014 | 24.5 | даб/бука | Велес |
| | | | Вкупно | 24.5 | | |
| **Караџица** | Маркова река | Белацрква | 06.11.2014 | 25.2 | бука | Драчеао |
| | | | Вкупно | 25.2 | | |
| **[illegible]** | Маркова Река | с.Д.Количани | 21.11.2014 | 6 | бука | Драчево |
| | | | Вкупно | 6 | | |
| | | | **ВКУПНО** | **294.3 м³** | **420.85прм** | |

### *Заштита од пожари*

Што се однесува до заштитата од пожари се планира да се употреби МКФФИС системот за превенција и рано предупредување од шумски пожари кој располага со методологија за проценка на ризикот и можности за превенција од пожари. Добра работа кај МКФФИС системот е што ЈПМШ е од почетокот вклучено во работата, покрај останатаите чинители од државните институции, како ЦУК, Хидрометеоролошка управа, агенцијата за катастар, меѓуинстициуонална соработка каде што ЈПМШ ја има клучната улога и тоа во однос на податоците на кои се потпира системот. Овие податоци се земени од ЈПМШ и ние и понатаму ги ажурираме. Овој глобален систем ќе се користи, зашто тој дава предупредувања за можна појава на пожари , а доколку се случат навреме ќе се реагира.

Значи, Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола пред сѐ треба да направи увид во постоечките состојби на сите полиња на кои треба да работи врз основа на извештаи и анализи, да изработи упатства и правилници за процедури коишто ќе се спроведуваат во текот на работата, екипираност на секторот почнувајќи од Дирекцијата па до подружниците. Со системски приод на решавање на сите проблеми кои произлегуваат од новите ингеренции кои ги дава Законот за шуми треба да се очекуваат резултати адекватни на залагањата на секторот.











# СО ОГРОМНИ ЗАЛАГАЊА И УМЕШНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО - ДО ЗАСЛУЖЕНО ПРИЗНАНИЕ

ПШС "Куманово" од Куманово е добитник на плакета која на најуспешните стопански субјекти има се доделува по повод 11. Ноември, Ден на ослободувањето на град Куманово. На свеченото доделување на признанијата, плакетата, од градоначалникот на Куманово Зоран Дамјановски, ја прими раководителот на ПШС "Куманово", Ваид Саити. Од разговорот со него, дознавме дека признанието со кое, секако се гордеат во подружницата е заслужено добиено врз основа на позитивните резултати постигнати во работењето на подружницата во последниве неколку години, а за која одлуката ја донел Советот на град Куманово.

ПШС "Куманово" од Куманово, во одминатиот период предничеше по лошите резултати, особено финансиски, кои се должеа на големиот одлив на средства по основ на плаќање на судски решенија по тужби на вработени и неплатени придонеси. Напредокот на оваа подружница започнува во 2007 година.



Оттогаш наваму проблемите се решаваат етапно и плански. Последниве неколку години во соработка и помош на Дирекцијата на ЈП Македонски шуми, генералниот директор Жарко Караџоски и менаџерскиот тим, веќе се бележи евидентен напредок. Ќе наведеме неколку сегменти кои го одбележуваат успешното работење, а тоа се:

- За периодот од 01.01.2014. до 30.06.2014. се остварени финансиски приходи со што се обезбедени средства за плати за цела година
- Остварувањата од второто полугодие ќе бидат насочени во развој и инвестициони вложувања во расадничкото производство, како и завршувањето на подготовките за старт на работењето на пиланата
- Подружницата навремено и редовно ги обезбедува средства за плати и давачки кон државата со вредност на бодот 10, што значи полн износ на плата

"Ова се должи на залагањето на сите вработени, дисциплинирано и навремено извшување на задачите, добрата организација и почитување на работното време.

Со адаптација и оспособување на пиланата се предвидува преработка на 10 000м$^3$ трупци, дополнително вработување на 60-тина работници.

Огромен е придонесот во зголемување на шумскиот фонд и подигање на еколошката свест на населението преку заеднички, организирани акции со вработените во подружницата, невладини организации, вработени во јавни институции и секако припадници на АРМ, кои учествуваат во акциите за пошумување со кои значително е зголемен шумскиот фонд, а голем дел на ерозивните подрачја во регионот добија нов лик. За годинава е планирано пошумување на 300 ха и тоа со сопствен расаднички материјал. Дел од работите се завршени пролетта, а дел до крајот на годината.

Од 2006 до 2014 година е пошумена површина од 1400 ха.

Еден од приоритетите е вложувањето во постоечкиот расадник кој ги исполнува светските стандарди за производство на саден материјал во пластеници, со капацитет од 5 000 000 садници годишно, со разни дрвни видови, од кои дел се употребуваат за сопствени потреби и за потребите на ЈП Македонски шуми во рамките на Денот на дрвото и другите пошумувања, а дел дури и се извезува во соседна Бугарија. Годинава е отпочнато со одгледување на нов вид брзорастечка дрвна култура (Paulownia Elongata) Пауловнија, од чиј пласман на пазарот се очекува завиден финасиски резултат.

Продажбата на огревно дрво тече несметано и во континуитет, при што се испочитувани сите рокови и барања од страна на граѓаните, а во рамките на спроведување на владините политики за намалување на сиромаштијата и ублажување на социјалната состојба на ранливите категории на граѓани, намалени се постоечките цени за 15%, за оваа категорија, а за останатите купувачи за 10%. За успешното извршување на услугите, секојднево имаме благодарност од граѓаните, институциите, синдикатите и останатите потрошувачи на огревно дрво, со што се наградени нашите напори за навремена достава и снабдување. Фото расадник



Покрај сите тековни активности и исполнување на производни-финансовиот резултат, променет е ликот на седиштето на подружницата, оплеменет со парковска површина, адаптација на деловната зграда, со што е добиен амбиент кој одговара на дејноста на претпријатието.

Еден од проектите со кој посебно се гордееме е изградбата на мост преку реката Липковка, со што се поврзува расадникот и складот на подружницата, со сопствени средства, работна рака и материјал. Со проектот кој бил направен уште 1999 година, биле предвидени вложувања од околу 40 000 евра. Најбитното за нас е дека мостот фукционира и ја олеснува комуникацијата и работата може несметано да тече. Фото мост



Што се однесува со проблемот за бесправните сечи, тој сеуште постои, но со нашето постојано присуство во шума и меѓусебната комуникација која ја имаме, навреме се интервенира, а со најавените измени на Законот за шуми, се надеваме за уште поголеми резултати во спречување на оваа немила појава."



# ПРОЕКТ „ПРОГРАМА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА ВО МАКЕДОНИЈА“

***На 10.12.2014 година во просториите на ЈП Македонски шуми се потпиша Меморандум за соработка меѓу НЦП од Швајцарија и ЈП Македонски шуми. Договорот го потпишаа ѓ-ѓа Зора Урех од Helvetas Swiss Intercooperation, тим лидер на “Програмата за зачувување на природата во Македонија“ и во име на генералниот директор на ЈП Македонски шуми, Жарко Караџоски, г-дин Коста Парлапанов, помошник директор на Секторот за информатички и комуникацаски технологии, инвестиции и развој***







Со **Програмата за зачувување на природата во Македонија** се врши промоција на иницијативите за одржливо земјоделство во и околу заштитените подрачја и развој на пилот-фарми коишто ги применуваат принципите на одржливо земјоделство.

Програмата за зачувување на природата во Македонија, поддржана од страна на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), е наменета за поддршка на активности за зачувување на природата и локалниот развој на Брегалничкиот регион. Програмата поддржува исто така и интервенции на национално ниво кои се очекува да имаат влијание врз зачувувањето на биодиверзитетот и природата воопшто. Програмата ќе ѝ помогне на Република Македонија во остварувањето на барањата на NATURA 2000, еден од условите за пристап во ЕУ. Во Програмата активно учество имаат и Подружниците на ЈП “Македонски шуми“ од Источниот регион.

Со Програмата за зачувување на природата во Македонија се врши промоција на иницијативите за одржливо земјоделство во и околу заштитените подрачја и развој на пилот-фарми коишто ги применуваат принципите на одржливо земјоделство.

Во разговори со координаторите на програмата, констатирано е дека ЈП„Македонски шуми“ има одлични услови за поставување на пилот-проект за производство на ориз во фармата во Карбинци, во ПШС “Серта“ Штип. Беше направена и посета на фармата и производните површини, и направен предлог за идниот проект. Проектот ќе постави производство на ориз на 4 ха површини, наводнувани од сопствен бунар, и со контролирана употреба на ѓубрива и заштитни средства. Во имплеметацијата ќе бидат ангажирани меѓународни експерти од областа, факултети, и домашни експерти. Во проектот се предвидени и други активности со кои се планира поактивно учество на Подружниците на ЈП “Македонски шуми“ во проектите финансирани од Швајцарската Влада и Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC).

Педлогот е одобрен од највисоко ниво, и за таа цел на се потпишува Меморандумот за соработка со ѓ-ѓа Зора Урех од Helvetas Swiss Intercooperation, тим лидер на “Програмата за зачувување на природата во Македонија“

*Подготвил :*
*Панче Николов*
*Советник за шумарство и екологија*
*Сектор за информатички и комуникациски технологии, инвестиции и развој*
ЈП “Македонски шуми” - Скопје

# Меморандум за соработка (МоУ)

**Цел**

1. Да се дефинира област на соработка во рамките на Програмата
2. Да се постави солидна база за соработка на други проекти

Област на соработка

3. НПЦ И ЈППШ да посветат посебно внимание на целите на Програмата
4. Да ги развиваат следните заеднички активност, доколку се во нивен интерес, на база на еднаквост и реципроцитет :

- спроведување на заеднички проекти во рамките на НПЦ,
- градење на капацитети на вработените на ЈПМШ,
- организирање теренски посети,
- размена на информации и материјали,
- трансфер на научни и технички знаења и разновидни практики,
- организирање состаноци и работилници,
- промоција на други активности за соработка како е договорено

**Договори за финансирање**

5. Активностите во рамки на НПЦ програмот ќе бидат подржани од СДЦ проектот. Тие се дефинирани во Годишниот план на операции како е подготвено од Helvetas Swiss Intercooperation (ХСИ) и Фармахем.
6. Финансиските поединостиза детални активност ќе биде поставено со специфичен пишан договор помеѓу НЦП и ЈПМШ.

**Времетраење**

7. МоУ ќе биде ефективен за период на реализација на НЦП во Македонија, од датумот на неговото потпишување. Тој може да биде модифициран или продолжен со заедничка пишана согласност од Страните. Овој МоУ може да биде поништен од било која страна по предходна најава од најмалку 6 месеци.

Завршни одредби

8. Овој МоУ е подготвен во 2 копии за секоја страна и ќе стане полноважен по потпишувањето од преставниците на двете страни. Копија од овој МоУ ќе биде доставен до канцеларијата на SDC програмата во Скопје (Швајцарска Амбасада).
9. Страните на овој Меморандум за соработка овде ја потврдуваат нивната согласност со неговите услови со следниве потписи.

*Nature Conservation Programme Macedonia*

*PE "Macedonian Forests"*

# ЗАСАДЕНИ ПРОБНИ ПОВРШИНИ НА ЖАЛФИЈА (SALVIA OFFICINALIS) ВО РАСАДНИЦИТЕ НА ЈП МАКЕДОНСКИ ШУМИ



*Површини со жалфија во расадикот во Св. Николе*



*Површини со жалфија во расадикот во Штип*

***Во рамките на расадиците во Свети Николе и Штип, годинава се засадени пробни површини на Жалфија Salvia officinalis и тоа на вкупна површина од 2 ха, со расад од сопствено производство кој е произведен во расадниците во Свети Николе и Струмица каде ги има сите услови за современо контејнерско производство на расад од оваа билка.***

Во средината на ноември ги посетивме расадниците во чии рамки се засадени садници од Жалфија Salvia officinalis. Според зборовите на раководителите на расадниците, расадот има голема зафатеност и се очекува понатамошен раст на оваа петгодишна билка. Инаку, овие површини биле или неискористени, или биле засадени со житарки. Се очекува со оваа минимална инвестиција за јавното претпријатие, веќе во 2015 година да се добие суровина за преработка во хидродестиларата во Берово, или да се суши како лист или херба, со што исто така, ќе се добие готов производ баран на пазарот. "Што се однесува до пласманот, според зборовите на Панче Николов, советник во Секторот за комуникациски и информатички технологии, развој и инвестиции, тој е обезбеден за познат купувач, кој како договорен партнер има обезбедено семе за овој проект. Како што гледаме, расадот добиен од расадникот во Струмица и Свети Николе е квалитетен и засаден на претходно подготвени површини, за што се заслужни вработените на ПШС Свети Николе и ПШС Серта од Штип. Според испитувањата на пазарот, праксата на плантажно одгледување на оваа билка покажало позитивни резултати, а бидејќи ние, во нашите расадници ги имаме сите услови, се одлучивме, за овој чекор. Идната година планираме засадување и нега на оваа култура од семе и тоа во расадникот во Кавадарци и Радовиш на 2 ха, со што од вкупно 4 ха плантажи би се добила суровина од над 100 тона годишно наменета за екстракција на етерични масла. Во поднесената Инвестициона програма за плантажно одгледување на ароматични, лековити и етерични билки предвидени се 5 вида билки на површини од 20 ха, со што би се добила суровина за подолгорочна работа на хидродестиларата во Берово, и водечко место на ЈП Македонски шуми во државата и на меѓународните пазари на етерични масла".

Искрено и со најдобра намера влеговме во овој проект сметајќи дека ги имаме сите услови за тоа, а крајниот резултат го очекуваме како позитивен и оправдан. Се надеваме дека со стручна помош на раководителите и вработените во расадниците каде е засадена оваа култура, со адекватна грижа и обработка, која е минимална, ќе добиеме производ конкурентен на пазарот."

Според расположивите површини, досега се засадени 1ха во расадникот во Свети Николе, 1ха во расадникот во Штип.





*Засадени површини со жалфија во расадикот во Свети Николе*



*Садница од жалфија (расадник, Штип)*



*Расад од жалфија во расадникот во Свети Николе*



*Контејнери со семе од жалфија*



*Плантажно производство*

## Жалфија *Salvia officinalis*

**Опис:** Жалфијата е повеќегодишно растение во форма на грмушка кое расте до висина од 30-60 см. Има силен и корен и дрвенесто стебло. Долните делови на растението се дрвенести, а горните зељести. Стеблото е исправено и има четириаголен облик. Има тесни листови, елиптични по форма, ситно збрчкани со долга дршка, кои се поставени еден спроти друг на стеблото. Цветаат во облик на класје составени во пршлени, со темно виолетова боја. Цветот е двоустен, а чашката и венчето имаат жлездести влакна.

**Станиште:** расте диво, на каменити и неплодни места, а се одгледува и во градини и плантажи.

За понатамошна употреба пред цветање се берат листовите и младите гранчиња.

**Лековито дејство:** латинското име на ова растение *Salvia officinalis* кое значи спасоносна и лековита кажува за широк спектар на лековити својства, меѓу кои и антисептички својства, зарипнатост, прочистување на крвта и крвните садови, го загрева желудникот и ослободува од грчеви, помага при настинка, опстипација и инфлуенца.

Овие својства се карактеристични за чај добиен од жалфија, а употребата во фармацевтската индустрија е многукратна.



*Цвет од жалфија*



*Грмушка*

# ВОВЕДЕН НОВ СОФТВЕР ЗА ПРЕСМЕТКА ЗА ПЛАТИ

Во периодот од 5-9 ноември во просториите на дирекцијата на ЈП Македонски шуми се одржа обука за имплементација на новиот софтвер за пресметка на плати. Обуката ја вршеа стручни лица од софтверската фирма "Бетако", која го изработи ова решение во чија основа стои дека се работи за софтверско решение кое ќе функционира на ниво на целото претпријатие, во сите подружници и во дирекцијата, а ќе овозможи пред се, олеснување на работата на службите, автоматизација и пристап кон информациите. Основата на софтверот е направена врз основа на законските прописи од оваа област, со можност за тековно следење измени и дополнување или по потреба на измена на законските прописи или на барање на претпријатието. Обуката ја посетија 65 лица, шефови на сметководство и благајници) од сите подружници на ЈП Македонски шуми и од дирекцијата кои всушност и ги изработуваат пресметките. Остручувањето во ракувањето со овој софтвер ќе биде од долготрајна корист за претпријатието, олеснета комуникацијата меѓу подружниците и дирекцијата и меѓусебно меѓу подружниците. Врз основа на сите испратени извештаи за тековното работење, платата благовремено и навреме ќе биде подготвена на ниво на цела фирма. Овој проект кој беше неопходен, целосно е поддржан во рамките на инвестициите и развојот на претпријатието со цел вклопување во актуелните текови на функционирањето во финансискиот систем на државата.











# ДОСТАПНА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА ЛИЦА СО ХЕНДИКЕП



Во организација на ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје, во просториите на Даре Џамбаз во Скопје се одржа презентација за начинот на пристап кон хендикепирани лица во јавната администрација. На презентацијата имаше претставници од сите јавни претпријатија во државата, а меѓу нив, масовно беше присуството на претставници од сите подружници на ЈП Македонски шуми и од дирекцијата. Основната порака од овие презентации беше начинот на однесување кон хендикепирани лица во рамките на вклопување во процесот на работа во претпријатието. Според Кодексот на однесување кон лицата со инвалидност, односот кон овие лица треба да биде внимателен, природен и поттикнувачки со минимално присуство на доза на претпазливост во однос на нивниот хендикеп.

Предавањето содржеше неколку точки кои се значајни во односот со лицата со инвалидност:

1.Лица со инвалидност
2. Правата на лицата со инвалидност низ националната легислатива
3. Предрасуди и стереотипи за лицата со инвалидност
4. Бариери во секојдневното функционирање на лицата со инвалидност
5. Инвалидитет како основа за дискриминација
6. Начини на комуникација со лицата со инвалидност
7. Следење на лицата со инвалидност при остварување на нивните
граѓански права и обврски

Цел на проектот „Достапна администрација за лица со хендикеп" е создавање на услови во државните институции и нивните подрачни единици за лицата со инвалидност при остварување на нивните граѓански права и обврски. Одговорното и овластено лице, и неговиот заменик, во секоја државна институција ќе бидат одговорни за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации, нивните права и обврски во одредената институција.

Лицата кои се назначени и нивните заменици мора да бидат постојано достапни, во секое време од работниот ден, и во зависност од потребите на лицето со инвалидност, неговите способности и можности да ги преземат сите потребни активности за реализирање на нивните барања во институцијата.

Податоците за назначеното лице ќе бидат јавно објавени и достапни за лицата со инвалидност.

Назначените лица, стекнатите знаења и вештини за лицата со инвалидност ќе можат да ги пренесат на своите колеги, со што ќе се подигне нивото на свеста за потребите и можностите на лицата со инвалидност.

Во циклусот обуки се предвидува да бидат опфатени до 700 лица. Ќе биде испорачан информативниот материјал-„Упатство за достапна администрација за лица со инвалидност".

Програмата е наменета за овластените лица од институциите во државниот систем. Истата ќе го потврди досега афирмативниот став и прогрес кон рушење на бариеирте во сите сегменти на општествениот живот на лицата со инвалидност, и ќе го подигне на повисоко ниво ничинот на комуникација и интеракција со овие лица. Имено, сеуште луѓето стравуваат низ разговорот ненамерно да не ги навредат лицата со инвалидност, и од таа причина не кажуваат ништо или избегнуваат конатакт.

Во овој прирачникот за однесување се наведене насоки кои ќе помогнат во комуникацијата со лицата со инвалидност, при која секогаш треба да се почитува личноста на лицето со инвалидитет и неговите основни човекови права, со особена љубезност и учтивост, имајќи предвид дека се работи за посебна и чувствителна категорија на лица.





# ИНИЦИЈАТИВА ЗА СОРАБОТКА СО НВО ЗА ПОШУМУВАЊЕ







На иницијатива на ЈП Македонски шуми, во средината на ноември се одржа состанок во просториите на дирекцијата со претставници од неколку НВО и Федерацијата на планинарски спортови на Македонија - ФПСМ.

На состанокот се разговараше за начинот и постапката за активно вклучување на граѓанските организации во планирањето и реализацијата на пошумувањето во наредната година. Се претстави начинот на поддршката на организациите и стручната помош од страна на ЈП"Македонски шуми" преку планирано производство на шумски садници, начинот на пошумување, одгледување и нивна заштита.

Фактот што сите овие организации имаат непосреден контакт со шумата, прават конкретни проекти поврзани со шумата како што се обележување на шумски патеки, излетишта, разни спортски активности, планинарење и набљудување на природата, дава можност активно да се вклучат и во пошумувањето на планираните шумски површини, и во иднина своите предлози за пошумување да ги вклучат во плановите на ЈП Македонски шуми за 2015 година.

Панче Николов, советник во Секторот за комуникациски и информатички технологии, развој и инвестиции, како иницијатор на овој проект ги претстави капацитетите и можностите на ЈП Македонски шуми, како и логистичка поддршка преку стручна помош во изборот и обезбедувањето на садници, катастарска проверка на посочените локации за пошумување на ниво на целата територија на РМ, соработка со шумарски стручњаци во секоја подружница, како и соработката со локалната самоуправа. Притоа беше нагласено дека ЈП Македонски шуми, стопанисува со државните шуми и оваа соработка би се однесувала, пред се на површини кои се под ингеренција на ЈПМШ.

Во иднина сите заинтересирани организации можат своите барања и предлози да ги усогласат, за да се вметнат во плановите на ЈПМШ, со што би се овозможила непречена меѓусебна соработка. Како пример за една успешно завршена заедничка акција е наведенао пошумувањето со планинарските друштва од Куманово "Козјак" и "Кожуф" од Гевгелија, пролетта 2014 година. На локации со над 700 метра надморска висина на Кожуф планина и Козјак, беа посадени околу 3000 садници бор од страна на 46 планинари. Поддршка беше обезбедена од ПШС "Куманово" и ПШС "Кожуф" од Гевгелија. (слики)

Заеднички заклучок од овој состанок беше дека се работи за добра иницијатива која понатаму треба да се развива и следи според идните проекти и планови кои ги прават заинтересираните страни. Со оваа заедничка активност имаме намера да ја зајакнеме улогата на граѓанските организации во заштитата и обновувањето на шумите во Република Македонија, а воедно и меѓународно да ја промовираме нашата земја како активен учесник во глобалното движење на заштита на Планетата Земја.

# Истражи ги македонските шуми и биди во допир со природата




CNVP го проширува своето поле на работа и спроведе мал проект поврзан со едукација и заштита на природата „ Истражи ги македонските шуми и биди во допир со природата. "

Во рамките на оваа шестмесечна проектна иницијатива повеќе од 200 деца учествуваа во шумски работилници, а за воспитувачите и сите оние кои работат со деца беше подготвен краток прирачник со кој преку игра децата ќе имаат можност да се запознаат со шумата и нејзините жители.



Покрај овие активности проектот се фокусираше на изградба на интерактивна образовна содржина "Патека на шумата" која се наоѓа во Зоолошката градина во Скопје. Ова е дукативно катче ќе ги запознава посетителите со важноста на шумите и има за цел да го промени односот на децата кон животните и животната средина која ја делиме. За помалите, патеката може да биде почетно место да се допре, слушне, мирисне и види шумата. Тука може да научите како: да измерите висина и старост на дрво; да разликувате дрва по звук; како животните ги употребуваат сетилата; да препознаете кое животно поминало пред вас; како се прави гнездо; каде живеат инсектите и како да ја заштитиме биолошката разновидност, се со цел да ја зачуваме животната средина за идните генерации.

Шумарски инженери од Здружението на студенти на Шумарскиот факултет во Скопје (ДРЕН) помогнаа во изработка на патеката.

Патеката беше промовирана на 1ви Ноември, а по тој повод студентите за посетителите ја раскажуваа приказната на шумата.

Патеката на шумата се наоѓа во делот на европски животни и е отворена за посетители во работните часови на Зоолошката градина.

Проектот е поддржан од „Академијата за заштита на природата Алфред Топфер" –Германија и Зоолошка градина - Скопје.

*Анела Ставревска-Панајотова*
*Советник за шумарство*
*ЦНВП – Фондацијата за Поврзување на природни вредности и луѓе*


Едукативна патека за шумата
Дали знаеш?


Птиците градат гнезда и ги положуваат своите јајца најчесто во крошните на дрвјата. Гнездото има форма на длабок сад, за да не можат пилињата да испаднат.
Ова врапче си направило гнездо од гранчиња и тревки.
Обиди се да направиш и ти гнездо. Замисли дека твојот палец и показалец се клунот на врапчето. Фаќај само со два прста, направи гнездо од гранчиња, а потоа размисли дали беше лесно.








Едукативна патека за шумата








ВАДРА-ПРОДУКТ
извоз-увоз ДОО Скопје
ул.шидска 2, тел/факс: +389 2 2050 317; 2031 497; 2037 229
РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ ЗА ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА
БЕЛАРУС
RUEN
Continental
CONTITECH
FAG
SACHS
BOSCH
SKF
GOETZE
KOLBENSCHMIDT
Iskra
MAN
DEUTZ
FEDERAL MOGUL
IVECO
WABCO
ТРАКТОРИ-ЗЕМЈОДЕЛСКА МЕХАНИЗАЦИЈА И ГУМИ




Sinpeks,str.Grcki Pat bb,7000 Bitola Phone:+38947 208500, Fax:+389 47 208515,E-mail:sinpeks@mt.net.mk

Техномак **Неготино** 043/362-701,075 420-383, Пила-С **Куманово** 031/429-204, Деспотовски **Битола** 047/231-245, Делфифи **Ресен** 047/454-600, Медивет **Охрид** 070 304-224, Феропромет **Струга** 046/780-926, Автомасини **Кичево** 045/220-735,Агроголд **Гостивар** 070 314-149, Агропап **Тетово** 044/333-480, Баухаус **Тетово** 044/339-259, Реплек и Хубо **Скопје** 02/309-6107, Меркур **Скопје** 02/321-9701, Вего **Велес** 043/224-323, Елмако **Кавадарци** 071 250-327, Милпром **Прилеп** 048/412-991, Теодул **Прилеп** 048/414-860, Сервис Електроник **Прилеп** 070 259-006, Континентал **Штип** 032/390-728, Томче Спорт **Кочани** 071 887-817, Јуроп92 **Виница** 033/364-120, Манов **Делчево** 033/413-512, Зоја **Берово** 033/470-354, Шкуљ **Струмица** 034/328-567, Најкпром **Струмица** 075 468-450, Ирис **Валандово** 032/391-313, Интер Комерц **Гевгелија** 034/213-872